РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 12-1703/2

Скопје 04.05.2022 г.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-1703/1 од 14.04.2022 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 77, Штип, со седиште на ул.Петта партиска конференција бб, Штип, e-mail: од новинар кај барателот на информација, на ден 03.05.2022 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**1. ПОЗИТИВНО СЕ ОДГОВАРА** на Барањето за пристап до информации од јавен карактер наш арх.бр.12-1703/1 од 14.04.2022 година, поднесено од барателот на информација ТРД Канал 77, Штип, со седиште на ул.Петта партиска конференција бб, Штип, e-mail: преку застапник/полномошник на барателот на информацијата , новинар, со кое се бараат следните информации од јавен карактер, и тоа:

1. Колкав е бројот на ангажираните преку Агенција за привремени вработувања по години од 2019 до 2022 година?
2. Каде се ангажирани - структура?
3. Дали за местата што не се врзани со процесот на мониторинг постојано се ангажираат истите лица?
4. Документ - Одлука за ангажман на лица преку Агенција за привремени вработувања за периодот 2019-2022 година и за работните места за кои се распределуваат.
5. Список на ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања за периодот 2019-2022 година.

**2. СЕ ОВОЗМОЖУВА ЦЕЛОСЕН ПРИСТАП** до бараната информација од јавен карактер, и тоа:

1. Во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во периодот од 2019 до 2022 година преку Агенција за привремени вработувања ангажирани се:

- во 2019 година: 23 лица;
- во 2020 година: 20 лица;
- во 2021 година: 22 лица; и
- во 2022 година: 7 лица.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18)

2. Надворешните соработници се ангажирани во: Сектор за програмски работи, Сектор за правни работи и јавни набавки, Сектор за стратешко планирање и авторски права и Сектор за информатичка поддршка и општи работи.

3. Ангажманот на надворешните соработници кои не се врзани со процесот на мониторинг, се врши зависно од потребите на работниот процес во Агенцијата, во согласност со одредбите од Законот за приватните агенции за вработување, прописите за работни односи и заштита при работа и Правилникот за систематизација на работните места на Агенцијата. Кога ќе се утврди потреба од ангажман на надворешен соработник, Агенцијата се обраќа до Агенцијата за привремено вработување со којашто има склучено договор за јавна набавка со цел отстапување на работник/ци.Што се однесува на работните места кои не се врзани со процесот на мониторинг, Агенцијата за привремени вработувања отстапувала и исто, но и различно лице, при што отстапувањето на работник за вршење на исти привремени работи, согласно законските одредби било најмногу 2 (две) години, со или без прекин.

4. Ангажирањето на надворешните соработници за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку агенција за привремени вработувања се врши врз основа на одредбите на важечки Договор за јавна набавка кој Агенцијата го има склучено со одредена приватна агенција за вработување, по спроведена постапка за јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавните набавки. Ангажманот е во зависност од потребите на работниот процес во организациони единиците во Агенцијата, согласно воспоставените ИСО процедури.

5. Список на Ангажирани лица преку Агенција за привремени вработувања за периодот 2019 – 2022 година

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како имател на информации, од барателот на информација ТРД Канал 77, Штип, со седиште на ул.Петта партиска конференција бб, Штип, e-mail: од а , новинар кај барателот на информација, поднесено е Барање за пристап до информации од јавен карактер арх.бр.12-1703/1 од 14.04.2022 година, со кое се бараат информации од јавен карактер кои се наведени во точка 1 на диспозитивот на ова Решение.

По извршениот увид во доставеното Барање, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврди дека располага со бараните информации од јавен карактер и дека не постојат законски причини за нивна недостапност, поради што се овозможи целосен пристап до бараните информации, кои се наведени во точка 2 на диспозитивот на ова Решение.

Во врска со напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 20 став 1, член 21 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Службено лице за посредување со информации

_______________________

Цветанка Митревска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

_______________________

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение барателот на информација може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Доставено до:**

- Подносителот на барањето за пристап до информации од јавен карактер,
- Службено лице за посредување со информации на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.